ДРУГИТЕ ЗА МАРТИНОСКИ

# *Колку за три живота*



**БЛАЖЕ КОНЕСКИ:**

• Повеќе од четири децении Мартиноски работеше како сликар во Скопје. По него на нашата култура ѝ останува големо дело, кое се потврди многукратно и кое творечки го сврза со сегашноста ликовното минато на овој простор. Никола Мартиноски е редок пример на трудбеник што упорно, од ден на ден, создава внесен во својот позив, задоволен што може да слика, презадоволен што не мора да ги расфрла своите сили на странични нешта. На животот тој му беше многу потребен токму кај нас и затоа животот тешко ќе ни даде замена за нашиот уметник.

**ДИМИТАР МИТРЕВ:**

• Одминува во историската повест една голема личност на македонската национална култура. Сите ние знаеме како да го цениме големиот уметник, мајсторот на изваjаната линија и сугестивноста на еден неизвртен уметнички израз. Тој е создател на модерната уметничка експресија, знаеше што сака од својата уметност во секоја своја фаза, имаше изграден вкус и усет. Тој беше блескава творечка физиономија. Јас се поклонувам пред вонредната уметничка личност и творечка индивидуалност.

**ДИМЧЕ КОЦО:**

• Во почетокот на својата уметничка дејност, пред повеќе децении, беше несфатен, напаѓан и осудуван, но неговата творечка енергија не потклекна. Мартиноски со своите дела остана победник. Тоа што го создаваше значеше поврзување на нашата средновековна историја со сè она што беше прогресивно во светот.

**ТОМЕ МОМИРОВСКИ:**

• Ги барав сказните за линијата и бојата, неговите аспирации, неговата бизарност во ковите и во социјалниот амбиент на платната, неговата љубов неговата величина, неговите слабости, неговата префинетост неговата индивидуалност, неговиот однегуван однос. Тој тивок човек — уникат од ликовен творец Никола Мартиноски, никогаш не рече задоволен сум.

**ДИМИТАР КОНДОВСКИ**

• Педесет години тој неуморен борец ни даваше пример како да се истрае во сите искушенија, како да се остане доследен на себе си, како да се смогнат нови сили и повторно да се влезе во борилиштето и да се избори идната слика. Нè учеше како живее уметникот, ни ја одржа и последната лекција: четката никогаш не се испушта од рацете . . .

**СИМОН ДРАКУЛ:**

• Чекорам низ овој град и навистина сè уште тешко се мирам — зарем навистина него повеќе го нема? Зарем и во еден ваков ден? На чесните, велат, деновите им се такви. Денес ќе му се поклонат многу луѓе, веројатно и многу Роми. Ке му се поклони утре цел еден народ. И ке има зошто — ќе има колку за три живота!

Прилигот го подготви:
Петре БАКЕВСКИ